*Виолета АРНАУДОВА*

**УДК: 159.942**

# ЗА ПОТЕКЛОТО НА ФАЦИЈАЛНАТА ЕКСПРЕСИЈА НА ЕМОЦИИТЕ

***Кратка содржина***

*Во овој труд е направен преглед на развојот на психолошката мисла за објаснување на потеклото на фацијалната експресија на емоциите. Дали фацијалната експресија е вродена или научена? Во објаснување на начинот на настанување на фацијалната експресија наведени се наоди од истражувања кои ја поткрепуваат идејата за универзалноста на фацијалната експресија. Компаративно, се наведени и сознанија за културната специфичност на фацијалната експресија. Еден дел од трудот е посветен на разгледување на интеракцијата на биолошкото и културното влијание врз фацијалната експресија.*

*Во трудот се констатира дека ниту еволуционистите, ниту културните релативисти не успеале да дадат потполно задоволителни одговори на фундаменталното прашање за наученоста или вроденоста на фацијалните експресии.*

***Клучни зборови:*** *ЕМОЦИИ, ФАЦИЈАЛНА ЕКСПРЕСИЈА, ЕВОЛУЦИОНИСТИ, РЕЛАТИВИСТИ*

## *Вовед*

Во последните неколку децении психолозите спроведоа бројни психолошки истражувања во врска со фацијалната експресија на емоциите, во кои некогаш доминирал социјално-психолошкиот, некогаш развојниот, а некогаш клиничкиот аспект. На некои од поставените прашања наодите дале одговор, а некои и до денеска останаа без одговор. Во таа смисла сѐ уште е актуелно прашањето за потеклото на фацијалната експресија на луѓето. Дали фацијалната експресија е вродена или научена? Во објаснување на начинот на настанување на фацијалната експресија следбениците на теоријата на Дарвин во своите компаративни истражувања пронаоѓале докази за универзалноста на фацијалната експресија. Други пак, како антропологот Бердвистл (Birdwhistell, 1970) го нагласувале примарното влијание на учењето и културната специфичност на фацијалната експресија. Еволуционистите (Darwin, 1872; Eibl-Eibesfeldt, 1972; Izard, 1971; Tomkins, 1962) ја истакнувале доминантната улога на вродените, инстинктивни механизми додека културните релативисти (Birdwhistell, 1970; Klineberg, 1940; Mead, 1975) тврделе дека фацијалните експресии пред сѐ се резултат од учењето кое е специфично за дадена култура.

Културата претставува комплексна општествена појава која го опфаќа сè она што не е диспозиција, односно, сè она што се создава со сопствената креативност. Таа претставува збир од сите материјални и духовни вредности, кои настанале како последица од материјалните и духовните инвестиции на човекот во природата, општеството и мислењето. Нејзината основна смисла е да го помогне одржувањето, продолжувањето и напредокот на човечкото општество. Културата претставува највисок израз на човечката креативност, израз кој секогаш, помалку или повеќе, е историски условен (Levi-Stros, Eribon, 1989).

Во овој труд ќе се задржиме на наодите за биолошките основи на емоциите, а потоа и на анализата на културните влијанија на фацијалната експресија на емоциите.

### *Биолошки основи на емоциите*

Во својата книга *Изразување на емоциите кај човекот и животните*, објавена во 1872 год., Дарвин ги соопштува своите наоди добиени врз основа на забелешки и опсервации кои ги бележел повеќе од триесет години и констатирал дека емоциите кај современите човечки суштества се изразуваат без оглед на тоа дали се целесообразни или не. Програмата за изразување на емоциите е инсталирана во нашиот нервен систем во текот на еволуцијата, и таа може да дејствува дури и тогаш кога, од позиции на разумот, за нејзиното дејствување нема никакви потреби (Outli, 2005).

Некои делови од овој наследен репертоар не се подложни на промени, а други се. Наодите од спроведените истражувања потврдуваат дека почетната генетска програма за емоциите може да се развива и да се прилагодува, во што всушност се забележува влијанието на културата. Како вовед во темата на која се однесува овој труд ќе наведеме примери за ставовите на припадниците на две култури кои се однесуваат на бесот и агресијата. Во својата книга *Никогаш во бес* Џин Бригс ги опишува своите искуства од престојот во едно Утку семејство во периодот јуни 1963-март 1965 год, кое живее на север во поларниот круг на Канада.

Во својот двегодишен престој Бригс забележала дека Утку никогаш не покажува лутина и дека секоја неволја ја дочекува со спуштање на рамењата и со насмевка. Не забележала никакви префрлања, навреди или бес. Едни на други си давале сè што имале, без оглед на тоа дали имале доволно. Социјалната адаптација на Утку е слична на други заедници ширум светот, кои постапуваат според правилото сите за еден, еден за сите. Животот на Утку е сличен со начинот на живот на другите ловци-собирачи, а можеби и со животот на нашите претци, во однос на непостоењето на приватност и колективно сфаќање за сопственоста. Нивните процени се темелат на сфаќањето дека во тешки ситуации животот е можен само ако сите си помагаат едни на други (Outli, 2005).

Спротивно на сознанијата за племето Утку е племето Јаномамо, кое генетски е слично на припадниците на Утку. Тие живеат во Јужна Америка, на границата меѓу

Венецуела и Бразил и кај нив се култивира емоцијата бес. И самите се сметаат за бесни луѓе, а децата ги учат да бидат агресивни. За нив самоодбраната претставува морална должност и користат неколку вида на пресметки. Во најмалку агресивниот вид, учесниците наизменично взаемно се удираат со боксови во градите, додека едниот од нив со плукање крв не се повлече. Постојат и покрволочни дуели, кога се удираат меѓусебно по главата (Outli, 2005).

Историјата за племето Јаномамо не се разликува многу од историјата на Европјаните. Односно, во нивната историја има многу записи за злодела врз спротивната страна, раскинати сојузи, смрт на роднини кои осветата ја сметаат за своја должност.

### *Културни влијанија на емоциите*

Дали фацијалната експресија на емоциите е универзална или специфична за секоја култура? Иако во последно време се спроведени повеќе студии кои ја потврдија универзалноста на фацијалната експресија на емоциите, има и периоди во кои подоминантно било верувањето за културната специфичност (односно, за научената експресија на емоциите). Истражувањата спроведени во последните пет децении укажуваат на сличности и разлики во фацијалната експресија на емоциите кај припадници од различни култури. Недостатокот од цврсти емпириски податоци, како и недостатокот на теориски модели за односот на културата и емоциите, го оневозможиле објаснувањето и предвидувањето на културалните разлики во емоционалното однесување.

Прифаќањето на ставот на културните релативисти (Klineberg, LaBarre, Birdwhistell) и отфрлањето на Дарвиновото сфаќање за фацијалните експресии не секогаш биле засновани на методолошки издржани податоци. Под влијание на некои други фактори се зголеми популарноста на гледиштето во кое се инсистира на културната специфичност за емоционалното однесување. Имено, во тоа време во психологијата и антропологијата доминираше ставот за доминантната улога на учењето кое можеби има единствено влијание на однесувањето на човекот воопшто. Врз основа на ова, лесно е да се претпостави како биле примени идеите на Клајнберг за наученоста на фацијалната експресија на емоциите како и претпоставката на ЛаБар и Бердвистел за тоа дека емоционалните изрази се разликуваат од една до друга култура.

Врз основа на анализата на кинеската литература, Клајнберг (Klineberg, 1938) ги опишал фацијалните експресии и утврдил сличност со експресиите од западните култури во поглед на стравот, плачењето и смеењето, но не и во поглед на лутината и изненадувањето. Според сфаќањето на Клајнберг, најважна улога за обликување на фацијалната експресија имаат социјалните и културните детерминанти. Во поткрепа на своето гледиште тој го наведува примерот во кој од жените од Спарта се бара да покажат знаци на радост кога ќе слушнат дека нивните сопрузи или синови загинале во војната, криејќи ја тагата што ја доживуваат (според

Ekman, 1973). Во наведениот пример се работи за научено однесување, кое одговара за опишаниот настан. Клајнберг заклучува дека насмевката може да се користи во различни ситуации кои потполно се разликуваат од оригиналното значење и кои се независни од изразувањето на радоста (кога се изразува презир, при поздравување, при недоверба, кога сме тажни). Меѓутоа, Клајнберг заборавил дека културата ги определува правилата на однесување кои наложуваат да се контролираат емоциите во јавните ситуации. Од таа причина жените од Спарта се смешкале, иако биле тажни. Тоа сè уште не значи дека насмевката не е составен дел на радоста и дека таа не е елемент на конфигурација која е филогенетски заснована. Во опишаната ситуација насмевката значи обид да се симулира друга (дозволена) емоција. Од тоа, се разбира, не произлегува дека насмевката е дел од експресијата на лутина или страв. Прашањето за универзалноста на експресијата на примарната емоција треба да се одвои од предизвикувачите на емоцијата кои варираат од една до друга култура, како и од правилата на изразување на емоциите кои, исто така, можат да варираат во различни култури. Клајнберг не направил таква разлика. Тој бил првиот научник кој му се спротиставил на тврдењето на Дарвин за универзалноста на емоционалните експресии, нагласувајќи ја улогата на учењето.

Екман (1973), соопштува резултати и од други антрополошки истражувања. Девет години по наодите на Клајнберг, ЛаБар (LaBarre) објавува статија за културната основа на емоциите, во која преку примери од наодите на антрополозите и од личните опсервации го поткрепува оспорувањето на Дарвиновата теза. Се разбира, на овие наоди можат да им се припишат сериозни методолошки забелешки. ЛаБар го толкува смеењето на Африканците, укажувајќи дека тоа е знак за изненадување, чудење, збунетост, а не знак на радост. По анализата на овој пример, Екман (1973) истакнува две забелешки. Првата, се однесува на тоа дека ЛаБар користејќи го наодот на Горер од 1935 год., требало да биде уверен дека немало ништо радосно или пријатно во ситуациите во кои Африканците доживеале изненадување, збунетост или чудење. Познато е дека изненадувањето може да биде пријатно или дека може да ни биде пријатно што сме изненадени. Втората, се однесува на непостоењето на информации дали радоста била маска за да се скрие изненадувањето или збунетоста. ЛаБар констатира дека одредено физиолошко однесување може да има потполно различни културни и емоционални функции. Тој забележал различни функции на смеењето, но немал предвид дека одредени социјални ситуации диктираат дали смеењето е дозволено или не. Исто така, ЛаБар не зел предвид дека дури и во иста култура, смеењето може да биде предизвикано од различни настани. Не само што тоа не го објаснил, туку не понудил ни доказ дека немало елементи на задоволство или радост во ситуацијата во која регистрирал смеење.

Бердвистел (Birdwhistell, 1970) соопштил наоди дека неговите испитаници се смешкале во аверзивна ситуација, не наведувајќи опис на аверзивната ситуација ниту на експерименталната ситуација и на субјектите кои учествувале во неа. Исто така, во наодите не се сретнуваат информации за интензитетот и зачестеноста на насмевнувањата, туку се задоволил само со сознанието дека насмевката може да биде знак и на негативни и на позитивни емоции. Критичарите на неговата работа

истакнуваат дека податоците со кои тој сакал да го поткрепи своето гледиште дека фацијалната експресија е научена, не се доволно убедливи.

Најголемиот број транскултурни изучувања на фацијалната експресија на емоциите главно бил спроведен со проценување, а не со анализа на компонентите на фацијалното однесување. Во пристапот во кој се применува проценување, испитаниците имале задача да направат процена на изразот на лицето врз основа на претходното искуство, без дополнителни информации за социјалниот контекст во кој емоцијата се доживува. Доколку фацијалната експресија не е поврзана со емоцијата, испитаниците од една култура иста експресија ќе ја проценат како лутина, испитаниците од друга култура како тага, а од трета како одвратност. Значи, ако културата има доминатно влијание врз фацијалната експресија, тогаш испитаниците од различни култури, различно ќе ја проценуваат фацијалната конфигурација на фотографиите, во согласност со искуството кое е поврзано со таа експресија во нивната култура. Доколку испитаниците од различни култури на ист начин проценуваат една фотографија, тоа значи дека тие имаат некое заедничко искуство, кое е независно од културата и јазикот.

Тезата за делумна или потполна културна специфичност на фацијалната експресија на емоциите била проверена и од страна на други истражувачи (Triandis&Lambert, 1958; Cüceloglu, 1970; Dickey I Knower, 1941; Winkelmayer, Exline, Gottheil&Paredes, 1971). Сите тие наведуваат елементи на универзалност, но и елементи на културни разлики во проценувањето на фацијалната експресија (Ekman, 1973). Истражувачите кои се интересирале за ова прашање, сметале дека фацијалната експресија на емоциите има најголемо значење за социјалната интеракција, што всушност е осведочено низ наодите на поголем број студии.

### *Интеракција на биолошкото и културното влијание врз фацијалната експресија*

Доколку се претпостави дека културата го определува квалитетот, интензитетот, експресијата, организацијата и управувањето со емоциите, може да се претпостави дека биолошките механизми имаат секундарно влијание во формирањето на специфичните карактеристики на емоциите. Сепак, емоциите не се физички независни од биолошките процеси, односно, тие настануваат кога се намалува влијанието на биолошките програми, односно со нивно заменување со когнитивни процеси кои имаат медијаторска улога меѓу дразбата и одговорот. Кај луѓето когнитивната медијација е екстензивна и речиси потполно ги заменува биолошките програми како детерминанти на однесувањето (Ratner, 2000). Обемните когнитивни активности претставуваат основа за комплексните емоции.

Кортексот е приемчив за сите социјални искуства од дадена култура кои понатаму ги пренесува до менталните и телесните процеси (Ratner, 2000). Кортикалните центри доминираат над субкортикалните кои ги губат своите

првобитни карактеристики и вклучувајќи се во кортикалните процеси добиваат социјално когнитивни особини (Ratner, 2000).

Истиот автор објаснува дека невроните во кортексот се во директна врска со амигдалата, септалната регија, хипоталамусот и ретикуларната формација и така настанува орбиталната фронтална ареа од церебралниот кортекс која го контролира автономниот нервен систем. Орбитофронталниот кортекс ги регулира хормоналните и неврохормоналните промени и исто така побудува реакции, хомеостатска регулација, ја регулира брзината на работата на срцето, температурата на кожата, крвниот притисок и емоционалниот одговор (Ratner, 2000). На крајот од првата година започнува критичниот период во зголемувањето на бројот на синапсите и диференцијацијата на афективните регулаторни лимбички структури во префронталнот кортекс од десната мозочна хемисфера. Овој развоен процес е под силно влијание на дразбите кои се вградуваат во социоафективната трансакција на детето и негувателката (Ratner, 2000). Бидејќи во кортексот се вградени социјалните искуства, тој има значајна интрапсихичка улога како биолошки регулатор кој ги контролира психичките процеси (Ratner, 2000). Внатрешните работни модели кои се одговорни за интерперсоналното однесување и кои ги регулираат чувствата се сместени во орбитофронталниот кортекс на десната хемисфера. Оваа информација преку орбито-хипоталамусната врска стигнува до субкортикалните структури и определува кој модул од хипоталамичкиот мотивациски систем и која емоционално специфична акција ќе бидат активирани преку социоафективната промена на дразбата. Пониските мозочни центри испраќаат информации до кортексот, и на тој начин тие се во интеракција. Кортексот создава емоција обезбедувајќи неопходни информации за пониските мозочни центри без кои овие центри не би посредувале верно во емоциите. Ваквата невролошка активност ја поддржува концепцијата дека емоциите се афективната страна на когницијата и дека не станува збор за два независни процеси.

Сигел (Siegel, 1999; според Ratner, 2000) објаснува дека лимбичкиот систем кој се состои од амигдала, септална ареа, хипоталамус и други структури-ги обработува социјалните информации, автобиографската свест, го евалуира значењето, ја усогласува перцепцијата со помнењето и со однесувањето, активира побуда, учи и помни информации и ги усогласува телесните одговори и повисоките когнитивни процеси. Според тоа, лимбичкиот систем не е примарно задолжен да ги создава чувствата, туку чувствата што се посредувани од овој систем се помош за неговата примарна функција, односно за обработката на информации. Согласно сознанијата дека емоциите се засновани на когнитивно-кортикални медијации, тие не претставуваат непосредни реакции на надворешните дразби или на внатрешните биолошки механизми. Една емоција може да биде поврзана со различни психолошки претходници или последици, како што и различни емоции можат да произлегуваат од исти психолошки супстрати (Cacioppo, Kein, Bernston, Hatfield, 1993; според Ratner, 2000).

Врз основа на изнесените сознанија може да се согледа како и каде се случува конекцијата на биолошкото и културното влијание.

Во дискусијата за улогата на културата и биологијата во објаснување на коренот на фацијалните експресии на емоциите, присутни се контрадикторни ставови, а тоа придонесува да се добие впечаток за конфузност во однос на ова прашање. Од оваа причина се препорачува да се земе предвид интеракцијата на овие фактори како што впрочем е направено во невро-културалниот пристап (Ekman, 1972, 1982).

***Заклучок***

Еволуционистите и културните релативисти поставиле серија интересни прашања и на многу од нив дале прифатливи одговори. Меѓутоа, ниту едните ниту другите не успеале да дадат потполно задоволителни одговори на фундаменталното прашање за наученоста или вроденоста на фацијалните експресии. Можеби авторите повеќе би се согласувале доколку во своите проучувања би биле фокусирани кон ист вид на фацијални активности, односно доколку би имале предвид дека контракциите на еден фацијален мускул може да имаат различни функции.

Пренагласувањето на доминантната улога на културата, односно биологијата, и игнорирањето на другите фактори, претставува ограничување за двата пристапи. Оттаму, за да разбереме какво значење има емоцијата за некоја култура потребно е да бидеме дел од таа култура. Потребно е да знаеме каква функција има одредена емоција во даденото општество, односно да видиме кои мисли, однесувања, идеали и верувања на едно општество се вградени во неа. За да се разбере конкретниот културен карактер на емоцијата потребно е да се објасни нејзината врска со начинот на кој луѓето работат, мислат и на кој учествуваат во општествените активности.

Научниците кои го истражувале фацијалното однесување отсекогаш се прашувале дали набљудувачите можат точно да ги идентификуваат фацијалните експресии на емоциите, но тешко можеле да дадат сигурен одговор на ова прашање. Во првиот период (до 1940 год.) имало студии кои покажале дека лицето може да биде сигурен извор на информации, но, анализата направена од Екман (Ekman, 1982) покажува дека врз основа на фацијалната експресија не можат да се донесат сигурни заклучоци за емоциите.

Без сомнение, фацијалните експресии на емоциите се сложени фацијални однесувања кои е потребно правилно да се интерпретираат. Дури и кога би имале можност да ја перцепираме фацијалната експресија и да ја дешифрираме емоцијата, можеме да се прашуваме дали нашата процена на дадена емоција одговара на вистинската емоционална состојба на набљудуваната личност. Поголемиот број од наодите не уверуваат дека фацијалните експресии на примарните емоции можат точно да се интерпретираат без оглед на расата, полот, годините и културата, но, регулирањето и контролата на емоциите кои се културно детерминирани ја оневозможуваат точноста на процената. Ова не предупредува дека е потребно да се биде внимателен набљудувач и да се биде претпазлив во донесувањето заклучоци за невербалните пораки на соговорниците.

### *Литература*


Birdwhistell, R,L.(1970) *Kinesics and context.* Philadelphia: University of Pennsylvania Press

Eibl-Eibesfeldt,I. (1972).Similarities and differences between cultures in expressive movements, vo R.A. Hinde (ed.), *Nonverbal communication*, Cambridge Universuty Press.

Ekman,P. (1972). Universals and cultural differences in facial expressions of emotion, vo J.Cole (ed.) *Nebraska symposium on motivation* (Vol.19), Lincoln: University of Nebrasca Press

Ekman,P. (1973). Cross- cultural studies of facial expression, vo P.Ekman (ed.) *Darwin and facial expression*, New York: Academic Press

Ekman,P. (1982). Methods for measuring facial action, vo K.R.Scherer & P.Ekman (eds.), *Handbook of methods in nonverbal beahavior research*, Cambridge: Cambridge Univerisity Press, 45-90

Izard, C.E.(1971) *The face of emotion*, New York: Appleton-Century-Crofts.

Levi-Stros,K., Eribon,D. (1989). *Izbliza I izdaleka.* Svetlost.Sarajevo

Mead,M. (1975) Review of Darwin and facial expression. *Journal of Communication*, 25 (1), 2019-213

Outli, K. (2005). *Emocije-kratka istorija.* Clio

Ratner, C. (2000). A cultural-psychological analysis of emotion. *Culture and Psychology.* Vol.6 (1), pp.5-39

Tomkins, S.S. (1962). *Affect, imagery, consciousness* (Vol.1, *The positive affects*), New York: Springer

*Violeta ARNAUDOVA*

# ЗА ПОТЕКЛОТО НА ФАЦИЈАЛНАТА ЕКСПРЕСИЈА НА ЕМОЦИИТЕ

**Summary**

*This article represents an overview of the development of psychological thought concerning the origin of facial expression of emotions. Is facial expression innate or learned?*

*The idea of universality of facial expression seems to be supported by empirical findings drawn from studies of the processes underpinning the inception (origination) of facial expression. A comparative account of specificity of facial expression across cultural boundaries is also presented. A section of the paper is devoted to examine the interaction of biological and cultural influence on facial expression.*

*The paper concludes that both evolutionists and cultural relativists failed to give completely satisfactory answers to the fundamental question whether facial expressions are innate or learned.*

***Keywords:*** *EMOTION, FACIAL EXPRESSION, EVOLUTIONISTS, RELATIVISTS*